РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 08 - 992/1
14.06.20.22 год.
Василево

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ " бр.5/02) и член 20 став 2 од Статутот на општина Василево-Пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Василево" бр12/20) донесувам

# РЕШЕНИЕ
## за свикување на десетата седница на Советот на општина Василево

Ја свикувам десетата седница на Советот на општина Василево за ден 21.06.2022 година ( вторник ) со почеток во 13:00 часот, во просториите на спортската сала при ООУ ,,Гоце Делчев" Василево.

По усвојувањето на записникот од претходната седница на Советот на општина Василево, за работа на седницата на Советот на општина Василево го предлагам следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог – Одлука за сопствено учество за аплициран предлог – проект преку Грантовата шема за инвестициски проекти со дигитална компонента за 2022-2024 година овозможена во рамките на проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза" поднесен преку Центар за развој на Југоисточен плански регион.
2. Измена и дополнување на Буџетот на Општина Василево (Ребаланс) за 2022 година.
3. Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „Турија "Василево за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за приклучок на канализациониот систем на физичките лица во населените места Ангелци, Градошорци, Василево, Пиперево и Едрениково бр.02-416/1 од 09.06.2022г.
4. Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „Турија "Василево за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за приклучок на корисниците на водоводната мрежа во населените места во Општина Василево бр. 02-417/1 од 09.06.2022 година.
5. Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „Турија "Василево за измена на Одлуката за утврдување на висината на паричниот надоместок за промена на локацијата на шахта бр. 02-418/1 од 09.06.2022.
6. Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „Турија "Василево за измена на Одлуката за утврдување на висината на паричниот надоместок за промена на локацијата на водоводен приклучок од главна линија бр. 02-419/1 од 09.06.2022.
7. Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „Турија "Василево за измена на

Одлуката за утврдување на цената за комуналните услуги – собирање, транспортирање и депонирање на цврст комунален отпад за домаќинства бр. 02-420/1 од 09.06.2022.

8. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Бигорски Манастир.
9. Донесување на одлука по барање за градежен материјал поднесено од Ванчо Ичев од с.Нова Маала.

Совет на Општина Василево
Претседател
Ристо Делијанов

